| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Владата на Република Северна Македонија |
| ПРЕТСТАВНИЦИ: | М-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и<br><br>Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација |
| ПОВЕРЕНИЦИ: | Гордана Клинчарова, државен секретар во Министерството за дигитална трансформација<br><br>Љупка Ивановски, раководител на сектор за нормативно-правни работи |

Предлог на закон
за изменување на Законот за архивски материјал, по скратена постапка

Скопје, август 2024 година

**Влада на Република Северна Македонија**

Бр. 41-7012/3
Скопје, 6 август 2024 година

**До**
**Претседателот на Собранието**
**на Република Северна Македонија**
**Скопје**

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за изменување на Законот за архивски материјал, по скратена постапка што го утврди на седницата, одржана на 6 август 2024 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација а за повереници Гордана Клинчарова, државен секретар во Министерството за дигитална трансформација и Љупка Ивановски, раководител на сектор во Министерството за дигитална трансформација.

**Претседател на Владата**
**на Република Северна Македонија**

**проф. д-р Христијан Мицкоски**

| | |
|---|---|
| Подготвил: | м-р Марија Арсова - Лазаревска, советник |
| Проверил: | Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение |
| Контролирал: | м-р Стојанчо Радичевски/Jetmira Maliqi, пом. рак. на сектор |
| Согласен: | Снежана М.Пендовски, државен советник |
| | Зоран Брњарчевски, раководител на сектор |
| Одобрил: | Хасим Муртезани, заменик на генералниот секретар на Владата |

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за архивски материјал („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/12, 41/14, 72/15, 148/15, 169/15, 53/16 и 11/18) се уредува заштитата, чувањето, обработката и користењето на архивскиот материјал, инспекцискиот надзор и надлежностите на Државниот архив на Република Македонија.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 121/24), Министерството за информатичко општество и администрација продолжува да работи како Министерството за дигитална трансформација и Министерство за јавна администрација со надлежности утврдени со овој закон. Надлежностите кои се предмет на овој закон согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа се во надлежност на Министерството за дигитална трансформација.

Предлог на закон за изменување на законот за архивски материјал се усогласува и со Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 253/23).

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Целта на овие законски измени е усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа, во однос на орган на државна управа Министерството за дигитална трансформација надлежен за развој и промоција на информатичкото општество и со Законот за прекршоците.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот за изменување на Законот за архивски материјал, по скратена постапка нема да предизвика фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предлогот за изменување на Законот за архивски материјал, по скратена постапка нема да предизвика фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија и не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, бидејќи не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Предлогот на Законот за изменување на Законот за архивски материјал да се донесе по скратена постапка.

## ПРЕДЛОГ НА
## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АРХИВСКИ МАТЕРИЈАЛ

### Член 1

Во Законот за архивски материјал („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/12, 41/14, 72/15, 148/15, 169/15, 53/16 и 11/18), во член 7 во алинејата 2 зборовите „министерот за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите „министерот за дигитална трансформација“.

### Член 2

Во член 64 во ставот 1 зборовите „од 1.000 до 2000 евра“ се заменуваат со зборовите „од 250 до 500 евра“.

### Член 3

Во член 65 во ставот 1 бројот „2.000“ се заменува со зборовите „1.000 до 2.000“.

Во ставот 2 зборовите „30% од одмерената глоба за правното лице“ се заменуваат со зборовите „250 до 500 евра во денарска противвредност“.

### Член 4

Во член 65-а во ставот 1 бројот „1.000“ се заменува со зборовите „500 до 1.000“.

### Член 5

Во членот 65-в зборовите „министерот за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите „министерот за дигитална трансформација“.

### Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АРХИВСКИ МАТЕРИЈАЛ

Предлогот на Законот за изменување на Законот за архивски материјал, по скратена постапка е систематизиран во 6 члена.

Со член 1 се менува член 7 и се утврдува министерот надлежен за развој и промоција на информатичкото општество.

Со членовите 2, 3 и 4 се менува вредноста на глобата согласно Закон за прекршоци.

Со член 5 менува член 65-в и се утврдува министерот за дигитална трансформација.

Со член 6 се уредува влегувањето во сила на законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија ќе се обезбеди усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа и со Законот за прекршоците.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА АРХИВСКИ МАТЕРИЈАЛИ КОИ СЕ МЕНУВААТ

Член 7

Канцелариското и архивско работење го уредува Владата на Република Македонија.

Начинот и техниката на постапување со архивскиот и документарниот материјал во канцелариското и архивското работење го пропишува директорот на Државниот архив, по претходно добиено позитивно мислење од министерот за информатичко општество и администрација.

## VIII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 64

Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното или службеното лице кај имателот на јавен архивски и документарен материјал ако:

- не го заштитува, чува и одржува архивскиот и документарниот материјал во изворна и безбедна состојба да не се оштети, исчезне или уништи (член 19 алинеја 1),
- не го користи архивскиот и документарниот материјал согласно со овој или друг закон и други прописи или општи акти (член 19 алинеја 2),
- не води евиденција за архивскиот и документарниот материјал (член 19 алинеја 3),
- не дава податоци, информации за архивскиот и документарниот материјал на Државниот архив (член 19 алинеја 4),
- не му дозволи на овластено лице од Државниот архив увид во состојбата на архивскиот и документарниот материјал, истражување, проучување, снимање, користење и преземање мерки за заштита на материјалот (член 19 алинеја 5),
- не обезбеди достапност на архивскиот и документарниот материјал на јавноста, според одредбите од овој или друг закон и други прописи (член 19 алинеја 6),
- не го известува Државниот архив за сите правни и фактички промени на архивскиот и документарниот материјал (член 19 алинеја 7),
- не обезбедува услови за сместување и обезбедување на архивскиот и документарниот материјал (член 19 алинеја 8),
- не врши и не го определува начинот на прием, прегледување и распоредување на архивскиот и документарниот материјал (член 19 алинеја 9),
- не го обележува, датира и не води основна евиденција за архивскиот и документарниот материјал и врши негова административно- техничка обработка (член 19 алинеја 10),
- не обезбедува навремено враќање на решените предмети, не го класифицира и средува архивскиот и документарниот материјал и не врши негово одлагање во писарницата (член 19 алинеја 11),
- не врши тековно одбирање на архивскиот од документарниот материјал (член 19 алинеја 12),
- не врши издвојување и попис на документарниот материјал за уништување (член 19 алинеја 13),
- не води евиденција (опис и попис ) на архивскиот материјал (член 19 алинеја 14),
- не го обележува и чува архивскиот примерок (член 19 алинеја 15),
- не обезбедува соодветен простор, стандардна опрема и техничко- технолошки средства за чување, заштита и обезбедување на архивскиот и документарниот материјал (член 19 алинеја 16),
- не го предава архивскиот материјал на Државниот архив во состојба и рокови утврдени со овој закон (член 19 алинеја 17),

- не планира и не спроведува мерки за заштита на архивскиот и документарниот материјал во случај на воена или вонредна состојба (член 20 став 1),
- не постапи по решението донесено во вршење на инспекциски надзор (член 60),
- не донесе план на архивски знаци со листата на архивски и документарен материјал и не го достави до Државниот архив заради добивање на согласност (член 21 став 3),
- уништи документарен материјал на кој му истекол рокот за чување без согласност од Државниот архив (член 24 став 2) и
- дозволи на трето лице кое не е вработено во правното лице или органот да одбира и средува јавен архивски и документарен материјал (член 22 став 2).

Член 65

Глоба во износ од 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице кое има над 49 вработени и кое е имател на приватен архивски и документарен материјал, ако не води основна или сопствена евиденција за архивскиот и документарниот материјал, не донесе план на архивски знаци со листа на архивски и документарен материјал, не врши тековно одбирање на архивскиот од документарниот материјал и не го чува трајно архивскиот материјал (член 32 став 1).
Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршоците од ставот 1 на овој член.

Член 65-а

Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице кое има до 49 вработени, и е имател на приватен архивски материјал ако не донесе план на архивски знаци со листа на архивски и документарен материјал, доколку има архивски материјал или не го чува трајно архивскиот материјал (член 32 став 2).
Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршоците од ставот 1 на овој член.

Член 65-в

Формата и содржината на прекршочниот платен налог ја пропишува министерот за информатичко општество и администрација.